33110

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
OSNIVAČ SNJ
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НАРОДЕН ГЛАС
Прилеп
22. XI. 1985

597/5

ИЗЛОЖБИ

# Појави од старото вредности од новото

**ВО ИЗЛОЖБЕНИОТ САЛОН НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА, АКАДЕМСКИОТ СЛИКАР РУБЕНС КОРУБИН СЕ ПРСТАВИ СО СВОИТЕ УМЕТНИЧКИ ДЕЛА, КОИ СЕ САМО ТВОРЕЧКО ИНТЕГРИРАЊЕ НА ТРАДИЦИЈАТА ВО НОВА УМЕТНИЧКА СИНТЕЗА.**

Современото ликовно струење остава јасни белези, иако тоа е само течение на едно самостојно изразување. Паралелно на современото се јавува Рубенс Корубин со своите дела, кои зборуваат за една лирска поставеност или по едноставно истурен дел на емоција. Паралелно со тоа се јавува и метафизиката, но тоа е само својственост на овој сликар.

Како првостепено за Рубенс Корубин е истражувањето на просторот, кое накрај дава резултат за една откриена тајна. Типичниот академски пристап кон разрешување на композицијата, сликарот го прикрива со лирска реминисценција која препондерира на повеќето негови платна (како на пример: „Сеништа“ и „Во градината што ја нема“.)

Анализирајќи ја сликата „Добар ден Рубенс“ се воочува еден редок третман, специфичен за комбинирана композиција во која трагаме во космосот на макро и микро облици кое поголемо појаснување дава за доживувањето на уметникот при сликањето. Забележително е дека уметникот рационално ја компонира сликата. Површината ја совладува со еден премаз на боја, а потоа почнува да ја расцепкува според својата визија. Така од макро претставите на женска фигура, сликарот делото го разработува до микро облици, со таа што кафезот поставен на столица совршено го претставува пред очите на гледачот. И во делото „Марија“ сето се сведува на едно ставно разрешување на просторот, додека спротивно на тоа прикажани се во најситни детали цветовите на шапката, на младата жена која седи.

Но сите платна на Рубенс Корубин се само претекс на една ликовна надградба, вредности на нова ликовна генерација, која со својот ликовен израз скромно и се претставува на јавноста, а тоа е својствено за овој уметник.

Елена Чагороска